# за ИСЛАМОТ и МЕДИТЕРАНОТ

## разговори со Цариградскиот Патријарх Вартоломеј II

### *Истиот Бог*

Пред извесно време Цариградската Патријаршија покрена академски дијалог на високо рамниште со Исламот, како што тоа го направи и со Јудаизмот. Повторното отворање на теолошкото училиште во Халки (теолошко училиште на островот Хеибели, блиску до Истамбул. Основано 1844 година, а затворено по налог на Турската Влада во 1971 /заб. на уредникот) ќе биде од голема помош за овој дијалог. Односите меѓу Православието и Исламот отсекогаш беа тешки и сложени, повремено дури и трагични, и таквите односи се задржаа до денешен ден. Патријархот во една пригода изјави дека религијата во Босна најчесто е само обичен фолклор на идолопоклоничкиот национализам. А Патријархот Павле, поглаварот на Српската Православна Црква, во една пригода напиша:

„Секој крстен човек што убива или малтретира цивили, учествува во опсада на градови и села, попречува доставување храна, лекови или друг вид помош, малтретира цивили или воени заробеници, или протерува население од други националности од нивните сопствени домови, ги прекршува заповедите на Христос, поради што се одлачува од Црквата и може да се врати во неа дури откако ќе биде прифатено неговото искрено покајание.“

„... Ако оваа војна продолжи, единствени победници ќе бидат ѓаволот и злото, а не луѓето и народите што се вовлечени во неа. Зашто, нашите луѓе живеат под исто сонце, пијат иста вода од реката Сава и Му се молат на ист Бог." На ист Бог – му рече и Московскиот Патријарх Алексиј на Големиот Муфтија на Чеченија во пораката со која го повика на мир и на преговори. Тоа постојано и сериозно го повторува и Вартоломеј, уште во Босфорската декларација од февруари 1994, на завршетокот од разговорите во кои учествуваа и христијани, и муслимани, и Јудејци.

На Блискиот Исток заедно со муслиманите живеат милиони христијани со арапски мајчин јазик. Најголемиот дел од тие христијани се православни. За време на војната во Либан, тие одбиваа да земат оружје во рака. Тие од самиот почеток ја поддржуваат палестинската кауза. Тие немаат развиени врски со западните цркви и затоа во споредба со припадниците на другите христијански заедници поретко емигрираат.



# О Л И В И Е К Л Е М А Н

Некои од нив – научници и поборници на мирот – се посветија на воспоставување суштински дијалог со Исламот. Вартоломеј посебно ги истакнува Антиохискиот Патријарх Игнатиј, и Georges Khodr, Митрополит на Горатa Либанска.

Според Митрополитот, христијаните мора трагите на Христос да ги бараат во човековата реалност. Тие мора „да Го разбудат Христос успиен во различните религии“. А Исламот, без сомнение, е единствената религија во која Христос јасно е присутен. За ова вреди да се размисли.

## Исус во Коранот и во исламската духовност

Коранот Го нарекува Христос ‘Месија’ и ‘Дух Божји’: „Да, Месијата Исус, синот на Марија, е Божји пророк, негово Слово што тој го пренел на Марија, и од него излегува Духот.“ Коранот го проповеда девственото зачнување и раѓање на Исус и ја истакнува улогата што тој ќе ја одигра „во денот на воскресението“.

Во исламската мистика, Исус се јавува како прототип на патот на љубовта. Тој целосно ги изразува Божествените имиња Милост и Убавина. Според Muhyi-al-Din Arabi (Коран 4; 17), ако Мохамед е „печат на пророштвото“, Исус е „печат на светоста“, и тоа светост не на начин како што може да ја достигнат големите мистици, туку на начин кој е „универзален“ и „апсолутен“ (Futuhat II, 56.)

Ние, се разбира, знаеме дека во Коранот Исус не бил распнат, туку дека бил распнат негов двојник. Причината за таквото гледиште е огромниот респект спрема Бога: би било невозможно и недостојно за Бога да дозволи Месијата, неговиот Слуга, да биде убиен. Тоа е разликата меѓу два апофатички приоди. За Исламот, сета теологија е одречна; по деведесет и деветте Божествени имиња (што е симболика на нивниот бесконечен број), стотото е молчење. „Тој е Huwa“, извикуваат мистиците, и тоа навистина е крик на тишината. Христијанскиот апофатизам, од друга страна, е над сите негации и над сите афирмации, задржувајќи ја неопходната антиномичност.

Бог е до таа мера трансцендентен, што ја надминува сопствената трансцендентност за да се појави меѓу нас во трагедијата на смртта и – веќе сега – да нè воскресне. Денес самата историја, како и сегашното страдање на палестинскиот и на ирачкиот народ и кризата во Алжир, им овозможува на некои муслимани да ја спознаат тајната на Крстот. На Блискиот Исток темата за страдањето на Исус често е присутна кај големите арапски поети.

Уште нешто. Некаде во 900 година, Крстот се појавил и во центарот и на периферијата на Исламот. Еден од големите духовници на исламот, Хосеин Мансур Халлај, посакал да умре како Исус „највозвишено исповедајќи го Крстот" (Mukuatta'at LVII.). Тој за Исус очигледно знаел единствено од Коранот. За Ибн Араби, „формата на светот и Божествената форма – двете Божји раце" – се соединети во Христос (Fusus el Hikam, p. 66.). Исто така, добро е познато дека Коранот енергично ја отфрла Троица. Но, која Троица? Во текот на VII век, периферијата на Византиското царство претставувала засолниште на многубројни припадници на секти, како и на бројни арапски христијани чија вера била измешана со различни пагански верувања. Во тие области малку се знаело за автентичното учење за единството на Троица. Можеби постоела потреба на овој начин да им се одолее на искушенијата на натурализмот или на тритеизмот. Коранот, меѓутоа, зборува за Словото Божјо и за неговиот Дух. Дискусиите меѓу христијаните и муслиманите, затоа, треба да се фокусираат на темата за *Логосот*. Една затворничка од VIII век од Басра, Раби'а, во извесна смисла била слична на св. Марија Египетска. Таа Му се поклонувала на Оној што налева, на Чашата што се полни и на Виното што се прелева (Запис од Ibn Ganim al-Maydisi. Преземено од Caterina Valdre, I detti di Rabi'a (Milan, 1979). Таа обично трчала по улиците носејќи ведро полно со вода во едната рака и запален факел во другата. Водата, објаснувала таа, ѝ служела за да го изгасне пеколниот оган, а факелот за да ги спали рајските уживања, за да може Бог да биде љубен заради Него Самиот.

Нема полза да се потсетуваме на долгата и безсодржајна контроверза која во текот на повеќе векови ги раздразнуваше едни против други христијанските и муслиманските теолози. Но, треба да се потсетиме дека Црквите во кои се служи на сириски, и особено познатата 'Источна црква', многу рано почнале да ги ценат духовните длабочини на Исламот. Околу 800 г. Патријархот Тимотеј I признал дека Мохамед навистина „го следел патот на Пророците" кога одвратил голем број пагани од „обожавање на идолите" и кога поучувал не само за едниот Бог туку и „за Словото Божјо и за неговиот Дух" (цитирано од I. Moubarac, Pentologie islamo-chretienne, vol. 3, Beirut, 1972-1973). Дури на почетокот на XX век палестинскиот православен теолог, Bendali Jaouzi, во дипломската работа одбранета на Теолошката Академија во Казан, исто така забележува автентично пророштво во прокламациите од периодот на Мека. Митрополитот Georges Khodr на сличен начин забележува „мистичен пат, пат на провидение ... во лозата на Авраам што се протега од таткото на верните до арапскиот пророк". За Khodr, „Божествените икономии" – за кои тој зборува во множина токму како и св. Иринеј Лионски и св. Максим Исповедник – не следуваат линеарно една по друга.

Тие може да бидат разбрани само ако се разгледуваат од перспективата на Христос Кој повторно ќе дојде. Мохамед, затоа, не е обичен пророк кој цели нациии ги водел кон старозаветна перспектива, туку објавувач на конечната стварност, на блискиот Суд: преку Мохамед, Бог ги прекорува христијаните за „непријателството и омразата“ што ги дели. (Коран 5; 14)



## Радикалниот ислам како лажен одговор на современоста

Дури и повеќе отколку во православниот свет, современоста навлегува во територијата на исламот однадвор. Штетите од таквата културна промена со која – во оваа ера на наука и технологија – се развиле огромни човечки ресурси, се несогледливи. Засегнати се животната средина, обичаите, сфаќањата ... Фундаменталистичката реакција, на свој начин, става на знаење дека таквиот развој ја достигнал својата граница – не во световна смисла, се разбира, туку од аспект на човечката душа. Во срцето на западната цивилизација човештвото ја спознава агонијата на „симнувањето во пеколот“ и ја плаќа цената на сопственото самообожение. Ние можеме да ја почувствуваме новата свест, вертикалната тенденција којашто настојува да се издигне над простата историска иднина и над технолошките ризици. Таа свест е базирана на желбата за опстанок на човештвото и на Земјата.

Но современоста е моќна сила којашто ги проголтува оние што ќе ја предизвикаат „однавор“. Радикалниот Ислам, во барањето брутален скратен пат за надминување на современоста, наидува само на реалност на којашто сака да ѝ се спротивстави. Исти такви социолошко-политички дискурси се искристализирале во идеолошки систем! Радикалниот ислам го „идеологизира“ Исламот и е проголтан од антизападна ориентираност, во насилство коешто не е ништо друго туку знак за немоќ, насилство кое на крајот единствено води во културна регресија. Тој ги компромитира највисоките вредности на Исламот: неговата идеја за правда и неговата идеја за „рамноправна, секуларна теократија“, којашто тој ја бара – не без причина – во спротивставувањето на развојниот модел наметнат од Западот. Според зборовите на Парсифал, меѓутоа, „раната може да ја излечи единствено оружјето што ја нанело“.

Христијаните – особено православните, на коишто им се познати слични искушенија, но веројатно во помала мера во споредба со другите – мора да се поврзат со автентичниот Ислам за да ја совладаат современоста „од внатре“, преку нова културна трансформација. Заедно, тие ќе го потсетат светот на несводливата природа на личноста, „образот Божји“ за христијаните, „калифот“ за муслиманите (khalifa, Божји намесник). Тоа не подразбира слепа доминација на ниту една од двете страни. Зашто Земјата, според Коранот, е човеково „место на пребивање и на радост“, доколку тој ја отфрла irraf, острастената посесивност. Православните, пак, го гледаат светот од евхаристиска перспектива, од перспективата на преображението.

Нов облик на секуларизам, никнат во Исламот, ќе стави акцент како на правата на Бога така и на правата на човекот. Тој нема да ја пренебрегне врската меѓу духовниот свет и профаното воспоставена од страна на примитивниот Ислам, и повторно ќе го открие отворениот, „плуралистичкиот“ карактер на Umayyad периодот, кој се покажал особено креативен во уметноста, во мисловната сфера и во науката. Доволно е да се потсетиме на откритијата од тој период во областа на оптиката, алгебрата, астрономијата – како и на развојните патеки во грчката фило-

зофија. Муслиманите, христијаните, агностиците и неоплатонистите соработуваа без проблеми. Слична соработка повторно се јавува во Отоманското царство, во уметноста во 16 и 17 век, како и во еволуцијата што довела до вистински федерализам во 19 век. Современа Турција се обидува да го најде своето место меѓу Бога и човекот. Тоа не оди лесно и безболно, но дава модел како за исламскиот свет така и за Европа. Споменикот подигнат во Анкара во чест на Кемал Ататурк ги велича храброста, силата и големината на човештвото. Но, исто така насекаде наоколу се гледаат минариња коишто го објавуваат присуството на трансцендентното. Како може човечкото и Божественото да бидат поставени во нивната вистинска перспектива? Фундаменталистичкиот ислам би го здробил првото. А западниот приод би ги раздвоил целосно. *Тоа е предизвик со кој мојата земја мора денес да се соочи*, тврди Патријархот. А христијанските малцинства, верува тој, мора да бидат дел од решението.

**Мир во Светата земја, мир на Медитеранот**

Исламот може да се ослободи од своите фундаменталистички тенденции со елиминирање на стравот од современоста, со создавање нова современост, која меѓу европските интелектуалци сега е отворена за исламската мистика и особено за суфизмот. Најитна обврска е да се возобнови мирот меѓу Израелците и Палестинците, бидејќи арапскиот пораз во јуни 1967 година и последователната окупација на огромни арапски територии во голема мера придонесуваат за раѓањето и за појавувањето на фундаменталистичкиот ислам. При своето поклоничко патување во Ерусалим, Вартоломеј му напиша на Јасер Арафат: „Сочувството што го изразивте заради жртвите на геноцидот на Евреите Ви дава за право да очекувате, за возврат, сведоштво за исто такво сочувство од страна на Израел за страдањето на палестинскиот народ. Тоа сведоштво мора да биде искажано преку дела и во секојдневниот живот на Вашиот народ."
Сите ние мора да се потсетиме дека Ерусалим, par excellence, е место на три традиции коишто се повикуваат на Авраам, и ние нема да го разрешиме конфликтот ако го заборавиме тоа.



Втора подолгорочна задача е повторно да се открие и да заживее медитеранскиот дух. Народите што живеат околу Медитеранот мора да бидат повикани слободно и доброволно да градат мир во Медитеранот преку повторното откривање на принципите и на вредностите коишто со векови цутеа во овој регион од светот: верата во еден единствен Бог, Кој ги создал небото и земјата, и Кој е наш заеднички Отец; светиот карактер на човековата личност; љубов која преку милостивост, простување, праведност и мир ги надминува сите граници и не знае за дискриминација. Релативно обединета медитеранска култура била воспоставена во средновековниот период и се базирала – како кај христијаните така и кај муслиманите – врз принцип што останал близок до грчкиот логос и до библиската Мудрост.  Таквото размислување, засновано на одмереност и на чувство на ограниченост, се појави повторно во XX век кај Албер Ками. Соочен со монструозниот тоталитаризам, Ками зборува за „дозволеното незнаење /на тој начин тој ја отвори за другите можноста за вера и можеби во краен случај и за себеси/, отфрлањето на фанатизмот... љубеното лице и конечно, убавината... Филозофијата на темнината повторно ќе се рашири над блескавото море.“ Бидејќи, според друг писател, овојпат Грк, Костис Паламас:

Сè е одголено...  
Денот пламнува од сите страни...  
Исполнете се со светлина...  
Оваа земја е чисто вино.

Откровенијата на монотеизмот и – уште во античка Грција – будењето на единката, го избави медитеранскиот човек од апсорбираноста во света природа и го ослободи од светот на митот. Но, сето тоа не било за да се разурне и уништи космосот, или тој да се смета само како неисцрпен резервоар на енергија што треба да се експлоатира со помош на технологијата. Медитеранскиот човек ниту е ембрион успиен во утробата на Мајката-Земја ниту е апстрактен господар. Неговиот однос спрема Земјата треба да биде искажан попрво како пријателство. Тој повеќе сака добар, цврст предмет отколку фабричка дрангулија. Верен на византиската естетика, тој верува дека целта на techne е да се открие тајната убавина на physis: на пример, со пресекување на мермерен блок да се откријат линиите и боите што лежат неискористени во него. Митот станува поезија којашто на човештвото му овозможува да го прими светот гледајќи го како епифанија. Ништо не ја илустрира естетиката на Хајдегер – славењето на битието – подобро од пејсажот на грчкиот архипелаг, на кој белите цркви ја соединуваат земјата со небото. Меѓутоа – и во тој поглед медитеранскиот приод се разликува од Хајдегеровото, повеќе германско гледиште – тука битието е „во-однос“, како што тврдат и Христо Јанарас и Јован Зизјулас. Битието е во заедничарењето на луѓето меѓу себе, и со Живиот Бог. Медитеранските народи живеат интензивно. Некои, во одредени летни денови, се препуштаат на световни задоволства:

Кој е оној што лежи испружен на
грбот, на песокта,
и пуши блескаво сребрени маслинови
лисја?
Скакулците се греат во неговите уши...
Гуштерите се лизгаат низ тревата во
неговите пазуви,
а бранот ги мие алгите од неговите
стапала, нежно. (Odysseus Elitis,
Chair d'ete, The Flesh of Summer)

Другите се оддалечуваат од светот, за повторно да го откријат како „несогорлива капина“. Тие ја бараат трансцедентноста: ако се христијани, одат доброволно во смрт за да воскреснат; ако се муслимани, се жрвтвуваат за да посведочат за Единствениот. Такви се денес монасите од Света Гора, за кои современата култура е култура на смртта, но кои служат космичка литургија на олтарот на срцето. „За мене“, пишува Сикелианос, „земјата беше затегната како кожа оптегната на тапан.“
Веројатно како резултат на таквите ставови, научниот и индустрискиот прогрес се поместил во северозападна Европа, потоа во Америка и во Јапонија. Но ако таквите ставови повторно се откријат, ако повторно влезат во нашата свест, тогаш тие може да ја повратат хармонијата меѓу постмодерниот човек и природата, без тој да биде апсорбиран од страна на природата. Тој ќе биде заштитен од алчноста; тој ќе стане поприфатлив, зашто светот, што е сакан, го поттикнува споделувањето. Да не дозволиме нашето Средоземно Море да умре од физичко и морално загадување – инсистира Патријархот; од нашата неспособност да го регулираме неговиот северен брег, каде што луѓето се прејадуваат, или неговиот јужен брег, пренаселен, неразвиен, каде што денес расте фанатизмот никнат поради очајот. Достигнувањето на таква рамнотежа, што за многумина може да изгледа како утопија, бара визионерско планирање. Верските, културните и политичките водачи на медитеранските држави мора да соработуваат ако сакаат ова благословено море, коешто како да ја сумира историјата на светот, да не ја доживее судбината на Мртвото Море, кое е толку блиску...

**Два завршни цитати**

Првиот цитат е од големиот турски поет-мистик, Younous Emre, кој живеел во 13 и 14 век, во времето на владеењето на Осман, основачот на Отоманската династија.

Денот и ноќта, Големата ноќна мечка,
заповедите напишани на Плочите со
Законот, сè е во битието. Синај...
Библијата и Евангелието, Коранот,
Талмудот, зборови на светлина,
сè е во битието...

Но, што се подразбира под „битие“?
Younous одговара:

*Јас чекорам, и секој чекор ме води*
*поблиску до него.*
*Јас одам, јас трчам кон него, кон*
*Саканиот...*
*Јас сум принесен како жртва во*
*градот на љубовта.*
*Јунус ја принесува твојата душа како*
*жртва сепаленица на Пријателот,*
*а ти ова принесување во тајност,*
*самиот направи го јавно.*
(Diwan 19: The Gospel and the Koran)



Митрополитот Georges Khodr го вели речиси истото:
„Христос не е институција. Тој е крајната вредност, акција, преобразба на срцата во благост, едноставност, смирение, во Џихад (*овој збор значи напор, внатрешна борба, а означува војна само во изведена смисла*) за оние што страдаат.“

***Единствено со вера...***
*(Лондон, 31 мај 1994)*

(извадоци од говорот на Патријархот
на Универзитетот во Лондон,
при примањето
на титулата почесен доктор)

Античките Грци имале обичај да велат дека на човекот, за да напредува, му е потребен град.

Но, во нашите денешни градови исто така гледаме деца што се бедно облечени, гладни, без засолниште. Гледаме невработени. Сведоци сме на насилство. Сведоци сме на бројни разурнати фамилии, уништени животи, неостварени соништа. Зошто е така? И што треба да правиме?

Одговорот може да биде само – вера.

Не - знаење, не - богатство,

не - политичка акција, туку единствено - вера.
Знаењето го развива умот, но верата може да го отвори срцето.

Богатството гради домови, но верата може да поместува планини.

Политиката го остварува можното, но верата може да го направи невозможното.

Западната цивилизација ги овозможи најголемите човечки достигнувања: од вистински медицински чуда, до спуштањето на човекот на Месечината; од стабилни демократии до висок стандард на живеење. Но треба само да погледнеме по улиците на нашите градови, за да ја видиме цената што ја плативме за тоа.

Политичарите и професорите не можат сами да ги решат проблемите на западното општество – порнографијата, загадувањето, наркоманијата, бедата, криминалот, војните, големиот број бездомници. Верските водачи треба да одиграат главна улога во наоѓањето вдахновение.

Наша задача денес е да ја примениме силата на Светиот Дух, сила што исцелува, на личности коишто сите се Божји деца. Оваа задача денес е поважна од кога и да е претходно. Духовноста на Црквата овозможува поинаков облик на достигнување, во споредба со оној што го ветува секуларизмот на современиот живот. Но, тој не ѝ е спротивен на современоста. Неуспехот на антропоцентричните идеологии остави зад себе празнина. Френетичниот стремеж кон иднината го жртвуваше внатрешниот мир што постоел во минатото. Учењето на Црквата за човекот и за светот ја облагородува потрагата по временото, земајќи го предвид вечното. Тоа ги доведува двете нешта во хармонија.

Страдањето на поединци нѐ засега сите нас. На прашањето ‘кој е мојот ближен?’ Христос одговара со параболата за милостивиот Самарјанин. Тој го изменил прашањето. Тоа веќе не гласи ‘кој е мојот ближен?’ туку: ‘кој се покажува како ближен на ранетиот човек, кому му треба медицинска грижа и прибежиште?’

Денес не постои поважно прашање од претходното. Во Босна, дали сме им ближни на жртвите или минуваме свртувајќи го погледот, како свештеникот во параболата?

Во Лос Анџелес, во Лондон, во Санкт Петербург, дали сме им ближни на напуштените деца? Во Јужна Африка, за споредба, речиси сите се покажаа ближни еден на друг.

‘Оди и ти прави така.’ Секое човечко битие е наш ближен.

**од англиски:**
д-р Драган Михајловиќ
*(Conversations with Ecumenical Patriarch Bartholomew I* / Olivier Clument)

